20261281850

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 точка а) 8 и став 1 точка в) 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025, 154/2025 и 91/2026), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северена Македонија, на седницата одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 179/2023, 174/2024, 199/2024 и 146/2025 година), во членот 2, по АТЦ кодот B01AA08, генеричко име Ethyl biscoumacetate, таблети и препораката RS за овој лек, во табелата се додава делот:

B01AB Хепарини/Heparin						
B01AB 05	Enoxaparin*	2 TU	P	Инјекции, раствор за инјектирање / Injeksione, tretje për injektim	ЈП/JP	RS
Напомена: Лекот со начин на издавање Rp- може да се користи како продолжено домашно лекување **Vërejtje:** Bari me mënyrë të lëshimit Rp-mund të përdoret si trajtim i vazhduar shtëpiak						

*Индикации – одобрени во согласност со SmPC

-Профилакса на венски тромбоемболиски заболувања кај хируршки пациенти со умерен и висок ризик, особено кај оние подложени на ортопедска или општа хируршка интервенција, вклучително и канцер хирургија.

-Профилакса на венски тромбоемболиски заболувања кај пациенти со акутно заболување (како што се акутна срцева слабост, респираторна инсуфициенција, тешки инфекции или ревматски заболувања) и кај пациенти со намалена подвижност при зголемен ризик од венска тромбоемболија.

-Лекување на длабока венска тромбоза (ДВТ) и белодробна емболија (PE) со исклучок на белодробните емболии за кои најверојатно е потребна тромболитичка терапија или хируршка интервенција.

-Продолжен третман на длабока венска тромбоза (ДВТ) и белодробна емболија (РЕ) и превенција на нивни повторни јавувања кај пациенти со активен канцер.

-Превенција на формирање на тромби кај екстракорпорална циркулација во тек на хемодијализа.

-Акутен коронарен синдром:

-Третман на нестабилна ангина или акутен миокарден инфаркт без елевација на ST-сегментот (NSTEMI), во комбинација со перорална примена на ацетилсалицилна киселина.

-Третман на акутен инфаркт на миокард со елевација на ST-сегментот (STEMI), вклучувајќи ги и пациентите кои треба да се третираат со тромболитици или кај кои треба да се спроведе последователна перкутана коронарна интервенција (PCI).

Член 2

Во членот 3, по АТЦ кодот B01AB01, генеричко име Heparin, од табелата се брише делот:

B01AB05	Enoxaparin	2 TU	P	Инјекции/Injeksione	ЈП/ ЈР	*

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Истата ќе се објави по добивање согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 јули 2026 година.

Бр. 02-2078/9
10 јуни 2026 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирена Петковски, с.р.